**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2070/**

# З А П И С Н И К

**Од 216.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 10.04.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац - Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија – Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Слаѓана Миливојевиќ-Претседател на Синдикалната организација при МРТ. |

**216.седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 12.00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 215.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Барање на Синдикалната организација при МРТ со бр.03-1833/1 од 31.03.2023 година.

3. Разгледување на Информација за процесот на дигиталзиација на архивата во МРТ.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 215.Седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 215.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 215.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 215.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување на Барање на Синдикалната организација при МРТ со бр.03-1833/1 од 31.03.2023 година.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац на почетокот на оваа точка од дневниот ред и даде збор на Слаѓана Миливојевиќ Претседател на Синдикалната организација при МРТ.
Слаѓана Миливојевиќ објасни дека имајќи го фактот дека има промена во висината на минималната плата во државата, како репрезентативен синдикат побаравме до органите во МРТ да се изврши усогласување односно измена на Колективниот договор во делот на плати. Измената би се однесувала на членот 67 став 3, каде што износот би се изменал од 18.000,00 денари на 20.175,00 денари.
После расправата по оваа точка беше предложен следниов **Заклучок:**
●Програмскиот совет на МРТ го овластува Директорот на МРТ да преговара со Синдикалната организација при МРТ, и доколку постојат услови да договорат и усогласат измени и дополнувања на Колективниот договор на ЈРП МРТ, во согласност со промената на минимална плата во државата.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување на Информација за процесот на дигиталзиација на архивата во МРТ.**

Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред не беше пристигнат никаков материјал, после расправата беше предложен следниов **Заклучок:**
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да достави допонителна Информација околу Меморандумот за соработка со НУ Кинотека на Македонија, и да се достави до советот попис од архивите на аудиовизуелните дела и план за нивно дигитализирање.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ

**ТОЧКА 4:Разно.**

По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан Програмски интерес пристигнати до Програмскиот совет по пошта:
-Програмски интерес од Втор програмски сервис МТВ со бр.14-2019/1 од 06.04.2023 година.
Членот Гајур Рамдани по оваа точка постави прашање на разгледување до останатите членови:-до кога советот ќе одржува седници во онлајн фомрат, кога веќе завршени се и пандемијата и мерките за заштита на средства за енергија и др.?
Седницата заврши во 13.00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател